Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр 134-0306
13.08. 2026 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 07.08.2026 година, врз основа на примена жалба од Мирослава Симоновска го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО МЕДИЈАЦИЈА**

**ЖАЛБА**

Жалителката Мирослава Симоновска на 26.07.2026 г., упати жалба за интернет порталот - онлајн медиум Прв.мк поради објавата на текстот со наслов „МВР со нова технологија против ризично возење: Брзи тестови за дрога пристигнуваат на терен – еве од кога!“, објавен на 26.07.2026 г., при што се жали на нарушени авторски права/палгијат.

Во жалбата, меѓу другото, е наведено: „Вака драги колеги изгледа кога новинар ќе работи денонокно, ќе истражува, ќе чита секој ден по петнаесет страници за да ископа некоја тема, ќе го истражува тендерот, ќе ги чита сите документи од тендерот, тендерската спецификација, набавувачот, ќе побара став од договорниот орган, ќе чека одговор 5 дена додека да го добие, а после некој друг само ќе си го препише текстот како свој и нема да наведе извор".

Жалителката во прилог го достави и линкот од нејзиниот текст објавен на веб страната на „Слободен печат" пред да биде објавен текстот за кој е упатена жалбата.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со онлајн медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети давателот на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На онлајн медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од сопственикот на порталот, во кој тој ја прифаќа жалбата на Симоновска, се извинува за сторениот етички и професионален

прекршок и го извести Советот за етика дека текстот е тргнат од страниците на давателот на медиумската услуга.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи постапката по оваа жалба да заврши со медијација бидејќи медиумот ја повлекол објавената содржина, а жалителката и сопственикот на давателот на медиумски услуги се согласиле спорот да заврши со посредување и без

утврдување етички прекршок врз основа на одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е вест за воведување брзи тестови за откривање недозволени наркотични средства кај возачите од страна на МВР – тема од јавен интерес.

Комисијата ја оценуваше објавата на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека постои прекршување, бидејќи според доказите што ги достави жалителката очигледно станува збор за плагијат, но заседе став да не изрекува етички прекршок поради решавање на спорот по пат на медијација.

Ваквото мислење е донесено откако Комисијата беше информирана дека сопственикот на давателот на медиумската услуга против кој беше поднесена претставката, веднаш по сознанието за жалбата го отстранил текстот од медиумот. Дополнително, тој стапил во контакт со жалителката, упатил и извинување, при што е постигнат договор спорот да заврши со посредување од страна на СЕММ.

Комисијата за жалби ја поздрави таквата одлука на двете страни, потсетувајќи дека токму тоа е основната цел на саморегулацијата – медиумите сами да ги исправат грешките по нивното воочување и на тој начин да ја зголемат довербата на јавноста кон нив.

Поради горе наведените аргументи Комисијата заклучи дека жалбата е основана, но дека е постигната согласност спорот да биде завршен со медијација и да не биде изречен етички прекршок според Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595